## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Како висорамнинска котлина, Мариово го зафаќа јужниот дел од земјата (според етничката карта - централниот дел од Македонија). Поставено помеѓу 39, 40 и 40, 41 степан на географска широчина, со површина од 1390 $км^2$ и надморска височина од 1050 метри, го опфаќа средното сливно подрачје на Црна Река. Опкружено со планински масиви, речиси од сите страни - Ниџе и Кожуф од југ, Селечка Планина од запад, Дрен од север и Козјак со ограноците на Кожуф Планина од исток, Мариово претставува природно изолирана целина, карактеристичен предел пребогат во својата разновидност, во природата, архитектурата, историјата, обичаите...

Реката Црна, го дели регионот на Големо Мариово и Мало Мариово, меѓу локалното население попознати како Старо и Ново Мариово. По површина, Старо Мариово е поголемо и оттука во науката е наречено Големо Мариово. Тоа се граничи со историско-географската област Меглен, која денес се наоѓа во областа Централна Македонија, Грција. Со оваа област Мариово отсекогаш имало жива врска кон пазарите на Солун, Воден, С'ботско и други градови.

Денес, во Мариово постојат 28 населби и тоа: Витолишта, Бешишта, Вепрчани, Врпско, Дуње, Живово, Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Полчиште, Пештани, Чаниште, Брник, Будимирци, Градешница, Груништа, Зовиќ, Ивени, Маково, Орле, Рапеш, Старавина, Ржаново, Рожден, Галиште, Клиново и Мајден.
Административно, денес подрачјето на Мариово потпаѓа под три општини - Прилеп, Новаци и Кавадарци.

